# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛЕКОВИТЕ И МЕДИЦИНСКИТЕ СРЕДСТВА

Член 1

Во Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ број 106/2007, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16, 53/16 и 113/18), по членот 4-в се додаваат 4 нови членови 4-г, 4-д, 4-ѓ и 4-е кои гласат:

„ Член 4-г

Директорот на Агенцијата има заменик.

Заменикот на директорот на Агенцијата го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

За именување на заменикот на директор се објавува јавен оглас, во најмалку три дневни весници кои се објавуваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Мандатот на директорот трае четири години со можност за повторен избор.

Член 4-д

За заменик на директор на Агенцијата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) да има завршен фармацевтски факултет

4) има минимум пет години работно искуство во областа на фармацијата и да има завршено последипломски студии, специјализација или докторат од областа на фармацијата;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Член 4-ѓ

Заменикот на директорот го заменува директорот во случај кога е отсутен, или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција, со сите негови овластувања и одговорности во раководењето.

Заменикот на директорот во соработка со директорот врши работи од надлежност на директорот што тој ќе му ги довери.

Член 4-е

Заменикот на директорот на Агенцијата може да биде разрешен пред истекот на мандатот за кој е именуван во следниве случаи:

- на негово барање и
- ако настане некоја од причините поради кои според прописите за работните односи му престанува работниот однос по сила на закон и не постапува согласно со закон.“

Член 2

Во член 81 во ставот 4 по зборовите „директорот на Агенцијата“ се додава запирка и зборовите: „заменик на директорот“ .

Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за лековите и медицинските средства.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.